**Република Македонија**
**Институт на Сметководители**
**и Овластени Сметководители**

**Институт на сметководители и овластени сметководители**
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / Pranuar: | 11-02-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
| | | | |

ДО:

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**г-дин Зоран Заев**

**Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции**

**г-дин Фатмир Битиќи**

**Министер за финансии**

**г-дин Фатмир Бесими**

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/1168-016
11.02.2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: / E Pranuar: | 11-02-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia organizative | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| | | | |

ПРЕДМЕТ:

**Барање**

Почитувани,

Согласно одредбите на Законот за вршење на сметководствени работи, органи на Институтот на сметководители и овластени сметководители се Собрание, Надзорен одбор, Управен одбор и Претседател. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор и на претставниците на подружниците на Институтот кои го сочинуваат Собранието на Институтот е истечен во тек на 2020 година. Што се однесува до членовите на Управниот одбор и Претседателот на Институтот, мандатот истекува на 26.07.2021 година.

Во тек на месец ноември 2020 година, активно бевме вклучени во работната група на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, г-дин Фатмир Битиќи, која работеше на измени и дополнувања на Законот за вршење на сметководствени работи при што од наша страна беа предложени одредби кои меѓу другото се однесуваа и на избор на членови на органите на Институтот.

За жал, Предлог-Законот за изменување и дополување на Законот за вршење на сметководствени работи кој е во Собраниска процедура, не ги содржи повеќето измени за кои се дискутираше на состаноците со Заменик претседателот на Владата, г-дин Фатмир Битиќи, и на состаноците на работната група.

Со оглед на краткиот рок до истек на мандатот и на членовите на Управниот одбор на Институтот, потребни се итни измени и дополнувања на Законот за вршење на сметководствени работи или донесување на нов Закон за вршење на сметководствени работи, со кој ќе се регулираат сите недостатоци и правни празнини согласно досегашното искуство во примена на одредбите како и ќе се интервенира во одредбите кои се однесуваат на избор на членови на органи на Институтот кои соодејствуваат на ситуацијата

во која се наоѓаме, особено во делот на избор на претставници на подружници на Институтот.

Со почит,

**Претседател на**
**Институт на сметководители и овластени сметководители**
**м-р Ленче Папазовска**

во оставка

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ИСОС